**Рег..РГ. бр. 4**

**Р.**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ - како првостепен Граѓански суд,** надлежен за водење на Единствениот судски регистар на цркви, верски заедници и религиозни групи, преку судија **Маргарита Тошанова**, како судија поединец, постапувајки по барањето за запишување во судскиот регистар на доброволната заедница на физички лица, означена во барањето како „Ставропигијалниот манастир Свети Јован Златоуст"-село Нижеполе кај Битола, вон рочиште, на ден 18.02.2009 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за упис во Единствениот судски регистар на цркви, верски заедници и религиозни групи, на доброволната заедница на физички лица, означена во барањето како **„Ставропигијален манастир Свети Јован Златоуст"-село Нижеполе кај Битола, СЕ ОДБИВА.**

**О б р а з л о ж е н и е**

До Основниот суд Скопје II Скопје на ден 05.11.2008 година поднесено е барање за упис во Единствениот судски регистар на цркви, верски заедници и религиозни групи на доброволната заедница на физички лица, означена во барањето како „Ставропигијален манастир Свети Јован Златоуст"-село Нижеполе кај Битола.

Во прилог кон барањето доставени се следните документи-додкази: Записник од одржано основачко собрание, Акт за основање, Статут- односно акт со кој се уредува статусот, организацијата и дејствувањето на „Ставропигијалниот манастир Свети Јован Златоуст", опис на изворите на учењето, одлука за определување на лице овластено за претставување и застапување на „Ставропигијалниот манастир Свети Јован Златоуст", доказ за државјанство на основачите и на лицето овластено за застапување и претставување на истиот.

Подносителот побара од судот доброволната заедница на физички лица означена во барањето како „Ставропигијален манастир Свети Јован Златоуст"-село Нижеполе кај Битола, да биде запишан во Единствениот судски регистар на цркви, верски заедници и религиозни групи.

Судот со писмо-укажување Рег.Рг.бр.4 од 10.12.2008 година го задолжи предлагачот-подносителот на барањето во рок од 15 дена од приемот на истото да постапи по укажувањето на начин што ќе ги достави доказите за државјанство на основачите и на лицето овластено да го застапува и претставува „СТАВРОПИГИЈАЛНИОТ МАНАСТИР СВЕТИ ЈОВАН ЗЛАТОУСТ", а во спротивно доколку не постапи во означениот рок судот ќе донесе решение согласно чл. 12 ст.4 од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група.

Ова укажување е примено од предлагачот-подносителот на ден 29.12.2008 година.

На ден 30.12.2008 година доставено е до судот дополнение на документацијата со што е постапено по укажувањето на судот, а во меѓувреме е уплатена и судската такса за предлогот на предлагачот-подносителот со што е постапено и по опомената за плакање на судската такса.

Судот постапувајќи по барањето, го разгледа истото па изврши увид во доказите доставени кон барањето и го констатира следното:

На ден 29 октомври 2008 година во село Нижеполе кај Битола одржано е основачко собрание на „Ставропигијалниот манастир Свети Јован Златоуст“, на кое е донесена Одлука за основање на „Ставропигијалниот манастир Свети Јован Златоуст“ со седиште во село Нижеполе кај Битола и запишување на истиот во регистарот на цркви, верски заедници и религиозни групи во република Македонија. Со истата одлука монахињата Олимпијада Мижимаковска е назначена како лице кое ќе го застапува „Ставропигијалниот манастир Свети Јован Златоуст“ во односите со другите правни лица, а воедно истата е определена за лице кое ќе поднесе барање за запишување на „Ставропигијалниот манастир Свети Јован Златоуст“ во надлежниот регистар. Одлуката за основање на „Ставропигијалниот манастир Свети Јован Златоуст“ го определува начинот на изразување на верската припадност и извршување на религиозниот култ, начинот на финасирање и организацијата и уредувањето на „Ставропигијалниот манастир Свети Јован Златоуст“

Погоре наведеното судот го утврди од изведените докази па при ваква фактичка состојба на работите по предметот судот смета дека не се исполнети материјалните услови за запишување на доброволната заедница на физички лица, означена во барањето како „Ставропигијален манастир Свети Јован Златоуст“ во Единствениот судски регистар на цркви, верски заедници и религозни групи што се води во овој суд а поради следндото:

Со указ бр.07-3833/1 од 05.09.2007 година донесен е Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група ( Службен Весник на РМ бр.113 од 20.09.2007 год.)

Во чл.1 ст.1 од цитираниот законот се вели: „Со овој Закон се уредувааат основањето и правниот статус на црквата, верската заедница и религиозната група, уредување на богослужба, молитва и верски обред, верска поука и образовни дејности, приходи на црквата, верската заедница и религиозната група, како и други прашања.“

Согласно чл.2 од истиот закон - „Црква, верска заедница и религиозна група, во смисла на овој Закон, е доброволна заедница на физички лица кои со своето верско убедување и изворите на нивното учење ја остваруваат слободата на вероисповета соединети по вера и идентитет изразен со подеднакво извршување на богослужба, молитва, обреди и друго изразување на верата.“

Според член 16 ст. 1 од погоре цитираниот закон се вели дека - До колку не се исполнети материјалните услови од овој закон за запишување на црква, верка заедница и религиозна група, судот ќе го одбие барањето.

Во смисла на погоре цитираните законски одредби во конкретниот случај од списите на предметот произлегува дека до судот подносителот поднел барање за запишување - регистрирање на доброволна заедница на физички лица означена во барањето како „Ставропигијален манастир Свети Јован Златоуст“ , односно поднел барање за запишување на доброволна заедница на физички лица која во таква форма воопшто не е предвидена во погоре цитираниот Закон. Судот смета дека вака поднесеното барање за запишување во судскkот регистар на доброволна заедница на физички лица означена во барањето како „Ставропигијален манастир Свети Јован Златоуст“, е спороtивно на чл. 1 ст. 1 и чл. 2 од Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група односно барањето е неосновано па судот како такво го одби. Ова затоа што според наоѓањето на овој суд запишувањето на „Ставропигијалениот манастир Свети Јован Златоуст“ ,во единствениот регистар на цркви, верски заедници и религиозни групи прво би значело повреда на чл. 1 ст. 1 и чл. 2 од Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група, бидејќи овој Закон ја уредува само правната положба на одредени верски субјекти - доброволни заедници на физички лица определени и наброени во законот како: црква, верска заедница и религиозна група, а не и на други верски субјекти - доброволни заедници на физички лица и второ би била повредена слободата на вероисповест загарантирана со Конвенцијата на човековите права и Уставот на РМ, на другите доброволни заедници на физички лица веќе запишани во единствениот судски регистар на цркви, верски заеднци и религиозни групи и тоа во форма, положба и содржина предвидена во одредбите од погоре цитираниот Закон.

Во контект на ова иде и чл. 1 од Статутот на „Ставропигијалниот манастир Свети Јован Златоуст“, според кој уредувањето на организацијата и работењето на доброволната заедница на физички лица означена во барањето како „Ставропигијален манастир Свети Јован Златоуст“- е манастир, во кој физичките лица кои со своето верско убедување и изворите на нивното учење ќе ја остварат слободата на вероиспоредта соединети по вера и идентитет изразен со подеднакво извршување на богослужба, молитва и друго изразување на вера.

Ваковото уредување, статус и работење на „Ставропигијалениот манастир Свети Јован Златоуст“, во форма каква е предвидена во одлуката за основање и статутот на истиот, е спротивно на одредбите од цитираниот Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, а особено спротивна на неговиот член 1 став 1.

Врз основа на сето ова судот смета дека не се исполнети материјалните услови од овој Закон за запишување на доброволна заедница на физички лица означена во барањето како „Ставропигијален манастир Свети Јован Златоуст“ во единствениот судски регистар на цркви, верски заедници и религиозни групи, па согласно чл. 16 ст. 1 од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религозна група го одби како неосновано, односно одлучи како во изреката на ова решение.

**ОДЛУЧЕНО ВО ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ**
**Рег. РГ. бр. 4 од 18.02.2009 год.**

**С у д и ј а,**
**Маргарита Тошанова с.р.**

**ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истото преку овој суд до Апелациониот суд во Скопје

**НАЛОГ ЗА ТАКСА:** Се задолжува предлагачот на име судска такса за решение да плати 1.000,00 денари на жиро сметка на судот 840 - шифра на општина - 3338, повикувачки бр.722211, во спротивно истата ќе се наплати присилно зголемена за 50%.

**Д.Н.** на - Олимпијада Мижимаковска од село Нижеполе - Битола.
- Републичка комисија за односи со Верски заедници зграда на МРТ бул. Гоце Делчев- бб, 18 кат Скопје